Извештај за работата на друштвото за 2013 год.

Основен белег на работењето во извештајниот период (и не само во извештајниот туку веќе шеста година по ред, од последниот квартал во 2008) му даваат исклучително тешките услови за обавување на деловната активност изразени преку драматичен пад на побарувачката, од тие причини нарушениот производен ритам и работењето во помали производни кампањи – факт што има погубни последици на челичанскиот бизнис каде континуитетот и обемот на количински аутпути се единствените претпоставки за успешно деловно опстојување. Причините се во основа од екстерна природа, глобалната економска депресија трае од 2008 и дополнително се усложнува со должничката криза во Европа, нашето носечко комерцијално одредиште. Не се за занемарување ни редицата системски решенија во рамките на националната економија каде речиси и да се немаше слух за крајно сложените услови со кои гранката се соочува во набележаниот период.

Доказ за изнесените тврдења е фактот што најголемиот број металуршки производители во поблиското и подалечното окружување ја запреа својата производна активност или работат со минимална искористеност на своите капацитети.

Ние само благодарејќи на финансиската поддршка на акционерите успеваме да се одржиме „со главата над вода" по цена на финансиски загуби од тековното работење, пред се заради високите фиксни трошоци и зглемените тековни трошоци како резултат на дисконтинуираното производство и нарушениот производен ритам и процесни постапки.

Причините се да се обезбеди континуирано присуство на пазарот и да се одржуваат релациите со купувачите градени и негувани во сите овие изминати 17 години, да се искаже подготвеност да се одговори на нарачките со исклучително кратки рокови на испораките што е основна карактеристика на комерцијалната побарувачка и на цените кои се реален одраз на актуелните пазарни прилики.

Значи компанијата во набележаните околности и во координација и финансиска поддршка на своите принципали, прикажува позитивни резултати и покрај намалувањето на обемот на производството и продажбата.

Нарушениот производен континуитет и целосно изместениот нормален режим на работење уште понагласено пред менаџерските структури го наметнуваше императивот за целосна посветеност на пропишаните процесни постапки и технолошки решенија и на подобрување на производните параметри; на пососодветно искористување на челичниот полуфабрикат во насока на зголемување на металниот извадок; на подобрување на квалитетот на производите; на рационализација на трошоците и процесите вклучувајќи го и сообразувањето на бројот на извршителите со набележаните услови; на воведување на нови производни практики во производната програма, како и освојувањето на нови пазари и конечно на зголемување на сопствените продажби како и на приходите од продажбите во услови на нагласена екстерна нестабилност.

Во извештајниот период, како што беше истакнато, бевме принудени да извршиме сообразување на производните таргети со реалните пазарни прилики, на ниво далеку пониско од инсталираните производни капацитети по целата технолошка линија.

Планираното производство на контилеани флемани слабови беше 94.800т., а оствареното 99.689,4т., што претставуваше зголемување од 5,1%, односно беше помалку од половината од она во 2012 кога беа произведени 216.934,6т.

Квалитетот на произведените слабови беше 91,2% кај првата класа, значително над нивото на поставените плански параметри (87,5%) за цели 3,7 процентни поени и понизок за нешто повеќе од 0,4 процентни поени од постигнатите 91,7% во 2012.

Остварениот метален извадок флеман примарен слаб од старо железо беше 83,8%, повисок од планираните 83,6% за 0,2 процентни поени и понизок во однос на споредбениот период претходната година, кога беше 86%, за 2,2 процентни поени.

Производството во Валавницата беше таргетирано на 148.800 т. топловалани дебели лимови , а годишното остварување достигна ниво од 145.633,2т. нешто над 2% пониско во споредба со планираното и цели 35% пониско во однос на споредбениот период минатата година кога беа произведени 224.174,3т. Квалитетот на продукцијата беше 95,1% кај првата класа и отстапуваше од планираниот 96% за 0,9 процентни поени и за нешто повеќе од еден процентен поен од 2012. Остварениот

изводок кај лимовите беше 87,4%, за нешто повеќе од 0,4 процентни поени поголем од планираниот и за само 0,02 процентни пени помал од постигнатиот во 2012 гога тој изнесуваше 87,46%.

Финансиските извештаи за работењето во деловната 2013 ќе бидат посебно елаборирани.

Сообразувањето на производните таргети со реалностите и планираното намалување обемот на производството наложуваше како неминовност и одредено сообразување на бројот на извршителите со тие состојби. Изнуденото намалување значеше сведување на нивниот број (станува збор за број на вработени според кадровската евиденција) на 808 извршители во споредба со 876 на почетокот на деловната година.

Активностите од А-интегрираната еколошка дозвола за усогласување со Оперативен план беа во центарот на вниманието, кога после повлекувањето на владата од претходно донесената одлука за извесно пролонгирање на роковите како дел од пакетот мерки за металургијата за справување со кризата, бевме принудени да ги интензивираме активностите поврзани со инсталирањето на постројката за прифаќање на примарните и секундарните емисии од електролачната печка, казанската печка и ситемот за додатоци во производниот погон Челичарница и уште неколкуте поситни преостанати зафати.

И покрај крајно напрегнатите финансиски состојби продолживме со реализација на нови инвестициони зафати од кои како позначајни би ги издвоиле:

- Довршувањето на новата пескара во погонот Валавница за дебели лимови со реконструкција на предзагревната печката заради спречување на кондензацијата на лимовите пред нивното пескарење и антикорозивна заштита
- Магацинот за складирање на филтерската прашина од електролачната печка
- Проектот за изградба на потстаница за складирање и припрема на потребните технички гасови (течниот кислород, аргонот, азотот и компримираниот воздух)

И покрај силниот притисок на крајно сложените услови за кои станувaше збор, компанијата и во текот на 2013 опстојуваше на определбите да реализира општествено одговорни практики и активности од доменот на корпоративно општествено одговорното работење и однесување и тоа во сферата на заштитата на животната и работната средина, во односите со вработените, во односите со добавувачите и купувачите, како и во односите со локалната и пошироката општествена заедница. Корпоративното општествено одговорно однесување во сите овие споменати сфери за нас не е само прашање на општа декларација, туку важна компаниска вредност и идентитетска одредница, длабоко вткаена во нашата деловна стратегија.

Прво продолжуваме во повеќе од деценискиот континуитет да го поддржуваме спортското друштво „Металург" со неговиот фудбалски, ракометен и карате клуб, кои благодарејќи на нашата целосна ангажираност и комплетна стручна логистика стана синоним за успешен спортски колектив кој на компанијата и донесе силна афирмација и промоција на нејзините општествено одговорни практики, а на земјата исто така силна меѓународна афирмација и симпатии од целокупната меѓународна спортска јавност, спортски колектив кој од градската работничка периферија успеа да се воздигне до најголемите европски спортски височини. Но многу поважно и на долг рок многу позначајно кога станува збор за општествената димензија на овој проект е неговата целосната посветеност на работата со помладите селекции кој со мрежата на спортските школи низ целата земја како единствен пример во земјава и ангажираните спортски педагози иднината на македонскиот спорт успева да ја постави на цврсти темели, а младите да ги задржи на патот на вистинските генерациски вредности.

Декларираните заложби за поддршка на социјалниот и економскиот развој на општествената заедница ги реализиравме преку континуирана соработка со локалната заедница на полето на инфраструктурниот развој и подобрувањето на квалитетот на живеењето, преку поддршката на значајни научни собири, културни и спортски манифестации и проекти од пошироко општествено значење и интерес, односно преку реализирање на проекти за развој на здравјето, образованието, културата и спортот. Од тие позначајните, во рамките на таа компаниска

филантропија да споменеме дека во текот на летото реализиравме донација за одбележување на 50 годишнината од катастрофалниот земјотрес во Скопје кога градот доживеа невидена катастрофа, изгубени човечки животи и страотни разурнувања, како израз на нашата благодарност кон земјите и народите од целиот свет кои искажаа солидарност со жителите на Скопје во тие најтешки моменти, а и кои подоцна силно го помогнаа обновувањето на разурнатиот град. И оваа година со особено задоволство ја поддржавме идејата на Министерството за животна средина и просторно планирање за хортикултурно уредување на слободните градски површини, финансиски го поддржувавме Здружението на енергетичарите, Прославата на Денот на независноста на САД, изградбата на православниот храм „Св. Константин и Елена“, одредени значајни издавачки проекти, синдикални активности и сл.

Потврда на тие наши заложби беше високото општествено признание за примена на општествено одговорни практики во работењето доделено од Националното координативно тело при Министерството за економија

И на крајот би сакал да истакнам дека во годината која измина компанијата успеа да опстои во исклучително сложените услови благодарејќи на својата адаптибилност, производна флексибилност и пазарна прилагодливост, и пред сето тоа благодарејќи на континуираната финансиска поддршка и комерцијално техничка логистика на своите принципали.

Значи остануваме и во овие се уште тешки времиња, неизвесности и многу непредвидливи услови за челичната индустрија во локални и во глобални рамки, посветени на определбите да опстоиме и да ги реализираме поставените деловни цели во интерес на нашите потрошувачи, нашите акционери, нашите вработени, нашите деловни партнери и нашите кредитори и на сите останати заинтересирани страни со кои нашето деловно опстојување гради цврсто и неделиво единство.

30.04.14

Макстил-АД Скопје

Генерален директор

Иван Бановски